**Прегледни научни рад**
**УДК:316.42:316.624**
**ДОИ:10.7251/ZCMZ0124471S**

# ОПШТЕСТВЕНАТА АНОМИЈА И ВРСНИЧКОТО НАСИЛСТВО ВО ПОСТМОДЕРНАТА

***Др Драган Стефановски***[257]
***СУГС „ Браќа Миладиновци“- Скопје***

***Апстракт:*** *Општествените промени иницирани од вредносниот систем на последниот бран на глобализацијата доведоа до промени на системот на вредности во македонското општество. Влезот во доцната постмодерна и новиот милениум се рефректира и кај милениумската генерација сврзан со процесот во образованието како и адаптирање на образовниот систем на современите тенденции но и на потребите и можностите на помладите партиципиенти. Видливо е дека се доживува кулминација на индивидуализмот во општеството, но и почетокот на континуирано губење на традиционалните вредности. Врсничкото насилство од друга страна се доживува како сериозен феномен за кој е потребен мултидимензијален пристап. Се поагресивното однесување на насилството во училиштата и надвор од нив станува нерешлив проблем. Наведената трансформација значи иницирање на промени во контекст на социјализација на адолесцентите, се поголемо медиумско влијание пред се на современите медиуми во кои најчесто доминантни се( губењето на моралот, видливо интензивирање на насилството и девијантното однесување), при што се маргинализира улогата на семејството и училиштето во примарната социјализација. Постмодерните општествени вредности го иницираат од една страна кариеризмот, процесот на стратификација, зголемување на економската диспропорција и сегрегацијата. Теоретско/емпириската студија ја насочувам кон утврдување на влијанието на општествената аномија на појавата на врсничкото насилство како во училиштата така и вон нив. Во таа смисла ги анализирам мерките за превенција од врсничкото насилство како и инволвираноста на институциите на планот на намалување на врсничкото насилство на глобален план.*

***Клучни зборови****: постмодерно општество, милениумска генерација, врсничко насилство, општествена аномија.*

## Вовед

Општествените норми и нивното почитување од страна на младата популација се круцијални за креирањето на моделот на однесување на младите. Посмодерната е одбележена од вредносниот систем на индивидуализмот како и од неформалните релации-комуникации. Постмодерното општество е општество во кое не се посветува многу внимание на чувствата на другите, а зборот емпатија прераснува во уште еден збор за речникот. Ваквата општествена ситуација иницира аномија од која е девастирано целокупното општество, со најголем импакт помеѓу адолесцентската популација. Во социолошката литература како и за останатите општествени феномени може да се забележат мноштво од дефеници за булингот/врсничкото насилство.

Во овој контекст би ја спомнал дефиницијата на Даниел Олвеус, (1999) кој булингот го опишува како „ намерно, повторливи повредувачки делувања, со зборови или друго однесување, како именување со имиња, закани и/или игнорирање извршено од едно или повеќе

[257] draganstefanovski@hotmail.com

деца против друго, како и нерамнотежа во реалната или перцепираната моќ помеѓу насилникот и жртвата“ (Clinard & Meier, 2011,508).

Врсничкото насилство кое е во фокусот на вниманието во оваа теоретско-емпириска студија претставува горлив општествен проблем. Од социолошки контекст креира реална перцепција за феноменот врсничко насилство/булинг помеѓу адолесцентите во образовните институции/средните училишта, нудејќи претстава за импактот на превенцијата од булинг во училиштата како и ситуацијата со истиот во нив.

Секако кога говориме за насилството во училиштата, проблемот не може да го детектираме еднострано, бидејќи насилството е предизвикано како резултат на спектар од активности, не само од социо-економски туку и психолошки аспект. На агресивното однесување треба да гледаме многу посеопфатно односно што се случува кај малолетникот, за да го привлече вниманието на другите со своето насилничко однесување токму во училишната средина. Сите досегашни научни истражувања покажуваат дека младите кои биле изложени на семејно насилство, и се соочиле со континуиран страв, се идентификуваат со „агресорот“(таткото или некој друг) манифестирајќи го таквото насилство, на училиште, школскиот двор, или ходник, токму над послабите од себе. Трката по пари и егзистенција од страна на родителите, остава видливи траги кај младите, кои често се оставени сами на себе, а „улогата на родител“ ја зема „улицата“ но и новите социјални мрежи кои често деструктивно делуваат на младиот човек. Воедно би се запрашале колку училиштето може да помогне во процесот на воспитување, токму преку програмите кои овозможуваат благовремено детектирање на проблемот на врсничко насилство.

Недостатокот на родителска комуникација и нивна вклученост во психичкиот развој на адолесцентот остава простор за „будење“ на насилно однесување, како и способност за ефективно решавање на проблемот. Интернетот кој нуди најразлични информации, ги става родителите понекогаш во „инфериорна “положба, особено оние од пониските социјални слоеви, кои доволно не се компетентни и не се во можност да одговорат на прашањата на нивните деца. Родителите тешко се соочуваат со фактот дека одредени кодекси на семеен, културен и социјален план одамна се надживеани и дека истите треба да се соочат со реалноста, која ја носи новиот милениум и модерноста.

## Неколку збра за Електронското насилство и превенцијата над истото

Електронското насилство има за цел повредување, вознемирување или било какво друго нанесување на штета на дете, млада или возрасна особа, а со користење на современа технологија. Најчесто истото се врши со користење на современа технологија, а со цел предизвикување на вознемиреност, навредување, или испраќање на заканувачки пораки. Карактеристично е што преку мобилен телефон, најчесто се испраќаат снимки од тепачки на врсници како и пораки со порнографска и сексуална содржина. Истото предизвикува чувство на вознемиреност, страв и срам особено кај ученичките. Токму затоа треба да се знае како современата комуникацијска технологија функционира, ризиците која истата ги носи, и како превентивно да се заштитиме. Без оглед за какво насилство станува збор, гледано од психолошки, но и од социолошки аспект, зад секое насилно однесување најчесто стои скриена емоционална фрустрација, која како „бомба во даден момент експлодира“, а со што насилникот го изразува своето внатрешното страдање. Насилството меѓу младите е во пораст, истото станува посурово и агресивно, при што при извршување на истото се користи ладно, како и огнено оружје.

## Зошто кај младите се појавува агресивно однесување

Уште во Стара Грција, Сократ се жали на младината зборувајќи дека „има лошо владеење, презир кон авторитетот, не ги почитуваат старите и сакаат брборење наместо учење“(Ćetković,2008,147).

Ако за агресивното однесување се говори од најстари времиња, тогаш е сосема разбирливо дека истото во целост не може да се искорени. Тоа е дел од самите нас, но може секако да направиме насилството да е непопуларно и непосакувано во било која манифестна форма. Според З Илиќ „нема психичко однесување кое не предизвикува одредена физичка активност и обратно, нема телесно физичко реагирање-однесување на човекот во која не учествува и неговата психичка страна“(Ćetković,2008,146). Човекот е свесно битие, па оттаму истиот треба да биде одговорен за своите постапки. Значи причините за агресивност кај младите може да ги детектираме во нивно непосредно присуство на чинот на семејно насилство**,** физичкото казнување со цел на дисциплинирање, како и изложеност на трауматски настани кои се повеќе ги има во изобилство.

Според Wilkins ваквата девијација се надминува со систематска воспитна работа. Според полскиот педагог Чапов, негативните реакции на младите можат да настапат под влијание на наговор на групата на која припаѓаат и под влијание на внатрешните потреби, како што се потребата за дрога и алкохол (Ćetković, 2008,146).

## Булингот и превенција од булинг во образовните институции

Меѓусебното почитување, како и почитта кон возрасната популација е значаен дел од егзистирачките општествени норми и од социјализација на младата популација. Не треба да се занемарува дека секојдневно се соочуваме со феноменот на врсничко насилство.Карактеристично е што во сите стратегии за намалување на врсничкото насилство, како круцијални фактори за превенција се наведуваат семејството и образовните институции. Во оваа смисла образовните институции се вклучуваат во борбата против булингот, преку лепеза од превентивни активности, што опфаќаат редовни обуки на училишниот персонал за креирање на „милето“ кое ќе овозможи пријатни и хуманни услови како на учениците, така и на наставниците. При тоа учениците се запознаваат со штетните последици од булингот како за жртвата, така и за извршителот и законските консеквенци со кој може да се соочи. Имајќи ги во вид релативно големиот број на насилства во Американските колеџи, при што се употребува и огнено оружје, вршени се истражувања, од кои се донесувани и соодветни стратегии. Во овој контекст една од главните стратегии за борбата против врсничкото насилство е сведена на неколку клучни елементи детектирани во: балансот-комуникација-поврзаност-поддршка (Adelman&Taylor,2015,4). Накусо кажано балансираниот пристап бара висока безбедност во училиштата, што значи и поседување на детектори за метал и безбедносни камери; високо ниво на комуникација токму во самите образовни институции а на релација наставник-ученицик-родител, како и благовремено известување на надлежните институции. Концептот на поврзаност укажува на сето она што не поврзува како семејство, пријатели и заедница. Учениците треба да го развиваат чувството не само дека припаѓаат на училишната заедница туку и дека има кој да се грижи за нив.

Во минатото, американските наставници очекувале послаби резултати од учениците што припаѓаат на малцинските групи што доаѓаат од економски сиромашни домови, или имаат постари браќа или сестри што покажувале слаби резултати во училиште. Во овој контекст слични се и размислувањата на Хери Грејси кој вели дека од првиот ден на училиштето децата се подложуваат на авторитарни возрасни кои произволно го оценуваат однесувањето на учениците како „правилно“ или „погрешно“ на база на која учениците се етикетираат како„добри“ или како „лоши“ (Томпсон, Бинам (2014:236/237). Но факт е дека ваквите размислувања, денес значително се променети.

## Влијанието на школската средина и образовниетo

Република Македонија како и земјите од поранешна Југославија, се соочија со бројни реформи пред се како резултат на барањата сврзани со Европската Унија, а во контекст на усогласувањето со европските стандарди. Повеќе од очигледно е дека истото целосно не може

да се реализира од аспект на наидување на материјални и технички проблеми. Р. Македонија е релативно сиромашна средина, со многу рурални подрачја, во која поединни училишта и не можат да организираат современо организирање на настава. Во основните, а посебно во средните училишта учениците се соочуваат со наставни програми кои се преоптоварени и се далеку од „потребите и интересите“ на ученикот. Ваквата програма, не само кај послабите ученици доведува до немотивираност, незаинтересираност, како и фрустрации. Тука би посочил едно мислење на професорот Мацановиќ, каде што вели дека: „некои ученици школата ја доживуваат како принуда, а посетувањето на неадекватна школа кај детето предизвикува негативна реакција и демотивираност која води кон криминогена инфицираност“(Macanović,2014,65). Воспитно-образовниот процес постанува се покомпликуван и посложен, со мноштво на противречности спротивни мислења и ставови. Таквата ентропија на воспитно образовниот процес го следат и разни однесувања на ученикот кој ја ремети наставата и ја намалува нејзината ефикасност.Па оттаму криминогената инфицираност е последица на бројни фактори, при што приоритетот го става на семејството и школото. Школото мора да води сметка за оваа појава, да ја идентификува и сузбие нејзино ширење. Со цел поголемо превентивно делување поголем дел од училиштата во урбаните средини имаат и видео надзор како и физичко обезбедување, како би се обезбедила поголема безбедност како на учениците така и на работниот персонал. Видливо е дека по трагичниот настан во ОУ Владислав Рибникар во Белград, уште повеќе се обрнува внимание на безбедноста во сите воспитно- образовни институции, при што се зајакна партнерскиот однос родители-школо, но и соработката со сите владини институции поврзани со образованието и безбедноста, како и со невладиниот сектор вклучен во проекти сврзани со превенција на врсничкото насилство.

## Состојбата со врсничкото насилство/булингот во средни училишта во градот Скопје (Емпериска анализа)

Во контекст на теоретско-емпириска студија на територијата на градот Скопје, односно во средните училишта во градот беше спроведено емпериско истражување реализирано со помош на анкетен прашалник и метод на анкетирање, во текот на месеците март и април 2024 година, при што беа анкетирани 150 испитаници. Во анализата се интегрирани размислувања на ученици како и ставови на педагошко-психолошката служба и наставници. Анализата е насочена во контекст на улогата на образовната институција/училиштето во превенција на врсничко насилство, и булингот. При тоа анализата ќе ја започнам со податоците добиени од структурирано интервју со вработени во педагошко-психолошките служби како и со наставен персонал во истите. Првиот топик е во контекст на стратегијата на образовната институција во превенцијата на врсничкото насилство/булинг. Истите посочуваат дека се во редовна комуникација со учениците разговарајќи на теми, за значењето на општествените вредности и норми и korиста од нивно почитување, како и на теми сврзани со врсничкото насилство.Наведуваат дека се запознати со Стратегијата за борбата против врсничкото насилство во училиштата, но посочуваат на потреба од дополнителна едукција на база на предавања и обуки кои веќе се реализираат по некои општини од Скопје на локално ниво.

Од социолошка гледна точка, популарноста на младата популација пред се адолецентите е една од круцијалните моменти кога одлучуваат со кого ќе се дружат.

Табела бр 1. Учениците со пониска популарност помеѓу врсниците се почеста жртва на врсничко насилтво

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 36 | 24.0 |
| Се согласувам | 82 | 54.67 |
| Немам мислење | 12 | 8.0 |
| Не се согласувам | 20 | 13.33 |
| Вкупно | 150 | 100 |

.Извор :Емпириско истражување

Појавата на врсничко насилство/булинг помеѓу младата популација во општеството е загрижувачки општествен феномен, манифестиран преку несакано агресивно однесување над поединец или група, однесување кое содржи исмејување или омаловажување. Најголем дел од анкетираните се сложуваат со ставот, поточно 54.67%, целосно се сложуваат 24.0%, додека 13.33% не се согласуваат со ова тврдење, а 8.0% немаат свој став.

Во овој контекст се и одговорите на мнозинството од анкетираните кои сметаат дека како еден од круцијалните фактори за некој од учениците да биде жртва на врсничко насилство е ниската популарност. Обично ваквите деца се изолирани од останатите во класот, пред се од оние кои се лидери помеѓу групата врници.

Табела 2. Имаме социјална изолација на дел од учениците, кога некој од учениците ги потикнува другите во класот да стават некој ученик или некои ученици во изолација

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 30 | 20.0 |
| Се согласувам | 88 | 58.67 |
| Немам мислење | 6 | 4.0 |
| Не се согласувам | 26 | 17.33 |
| Вкупно | 150 | 100 |

.Извор:Емпириско истражување

Во истиот контекст ја продолжувам анализата преку преку состојбата со: социјална изолација на дел од учениците, кога некој од учениците ги поттикнува другите во класот да стават некој ученик или некои ученици во изолација. Најголемиот дел од анкетираната популација смета дека во класот постојат ученици кои се социјално изолирани од другарите па останатие го прифаќаат овој модел на однесување. 58.67%, целосно се согласуваат 20.0%,не се согласуваат со ставот 17.33% од анкетираните ученици 4.0% немаат мислење по ова прашање. Креирајќи ја реалната перцепција со општественот феномен булинг /врсничко насилство структуралниот систем ќе го надоградам преку анализа на добиените податоци од Табелата 3.

Табела бр 3. Во училиштето се соочуваме со озборување,уценување,омаловажување,исмевање и именување со погрдни имиња кон дел од учениците.

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 46 | 30.67 |
| Се согласувам | 62 | 41.33 |
| Немам мислење | 3 | 2.0 |
| Не се согласувам | 39 | 26.0 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Мнозинството од анкетираните ученици сметаат дека често се соочуваат со озборување, уценување, омаловажување на различна основа исмевање и именување со погрдни имиња кон дел од учениците. Така 41.33% се согласува со ставот дека во училишните средини, присутен е феноменот на озборување, уценување, омаловажување,исмевање и именување со погрдни имиња, целосно се согласуваат 30.67% од анкетираните, додека со ставот не се сложуваат 26.0%, а 2.0 % немаат мислење.

Табела бр 4. Сексуалното вознемирување(коментари со сексуална содржина конотација ,несакано допирање,штипкање)се честа форма на меѓуврсничко насислство(пред се женската популација).

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 20 | 13.33 |
| Се согласувам | 41 | 27.33 |
| Немам мислење | 4 | 2.67 |
| Не се согласувам | 85 | 56.67 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Извор :Емпириско истражување.

56,67% од анкетираната средношколска популација смета дека во средните училишта не се соочуваат со класичната форма на сексуално вознемирување, како врсничко насилство/ булинг. Со ставот дека сексуалното вознемирување(коментари со сексуална содржина, несакано допирање, штипкање)се честа форма на меѓуврсничко насисlство(пред се женската популација),се сложуваат 27.33% од средношколците опфатени со примерокот, 13.33% целосно се согласуваат а немаат мислење 2.67%.

Табела 5. Членовите на педагошко психолошката служба како и наставниот кадар во текот на годината одат на обуки за превенирање на врсничко насилство и справување со истото.

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 42 | 28.0 |
| Се согласувам | 71 | 47.33 |
| Немам мислење | 4 | 2.67 |
| Не се согласувам | 33 | 22.0 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Извор:Емпириско истражување.

Во анализата отстапуваме внимание на воспитно-образовниот процес и улогата што ја има превенцијата на сите форми на врсничко насилство. Како приоритет се наметнува потребата од задолжителни редовни обуки на членовите на педагошко-психолошката служба, организирање на превентивни предавања за учениците како и од интегрирање на содржини во образовниот курикулум, сврзани пред се со навремена препознатливост на сите форми на булинг и редовни обуки за припадниците на педагошко-психолошката служба и на наставниот кадар. Така се согласуваат 47.33% од анкетираните, целосно се согласуваат со ставот 28.0%, 22.0% не се согласуваат, а 2.67% немаат мислење за истиот. За креирање на целосна перцепција за општествениот феномен насилство помеѓу адолесцентие во средните училишта анализата ќе ја апгрејдуваме и со социо-економскиот беграунд на овој општествен феномен.

Табела 6 . Реалната перцепција на булингот ја согледуваме и од социо-економски бегграунд.

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 27 | 18.00 |
| Се согласувам | 92 | 61.34 |
| Немам мислење | 8 | 5.33 |
| Не се согласувам | 23 | 15.33 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Извор:Емпириско истражување.

Реалната перцепција на булингот ја согледуваме и од социо-економски бегграунд. Вредносниот систем на последниот еволутивен бран на процесот на глобализација иницира видлива трансформација во секој општествен сегмент. Глобалниот систем на вредности асцелерира стратификациски процеси, зголемувајќи ги разликите меѓу општествените слоеви. Овие разлики се најчуствителни помеѓу младите, кадешто истите се вистински мотив за булинг.Така 61.34% се согласуваат со ставот дека соцо-економските разлики влијаат на интензитетот на насилство, 18.00% целосно се согласуваат, 15.33% не се согласуваат со ставот и 5.33% немаат мислење.

Табела 7. Родителската грижа вклучувајќи го мониторингот на активностите на децата во школо и на школските активности, влијае на намалување на веројатноста истите да бидат извршители на булинг или да бидат нивна жртва.

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 44 | 29.33 |
| Се согласувам | 67 | 44.67 |
| Немам мислење | 6 | 4.0 |
| Не се согласувам | 33 | 22.0 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Извор :Емпириско истражување.

При креирањето на поширока перцепција за општествениот феномен булинг анализата не е целосна доколку не би се согледала улогата на семејството и семејните вредности. Мнозинсвото опфатени со примерокот, поточно 44.67% се согласуваат со ставот, 29.33% целосно се согласуваат со овој став, 22.0% од анктираните не се согласуваат додека 4.0% немаат мислење.

Табела бр 8. Физичкото насилство помеѓу учениците е во пораст

| | Фрекфенција | Процент |
|---|---|---|
| Целосно се согласувам | 44 | 29.33 |
| Се согласувам | 66 | 44.0 |
| Немам мислење | 16 | 10.67 |
| Не се согласувам | 24 | 16.0 |
| Вкупно | 150 | 100 |

Извор :Емпириско истраажување.

Продлабочувајќи ја анализата на врсничкото насилство/булингот, со цел креирањето на реалната перцепција за врсничкото насилство во образовните институции и целосната перцепција за општествениот феномен врсничко насилство во анализата ќе ги интегрирам и добиените податоци од емпириското истражување за физичкото насилство помеѓу врсниците во образовните институции. 44% од анкетираните се согласуваат со ставот, целосно се согласуваат 29.33% , 16% од испитаниците не со согласуваат со ставот, додека 10.67% немаат мислење по ова прашање.

## Заклучок

Од социолошка гледна точка доколку припадниците на општеството сакаат да вложат сериозни напори за да намалат голем дел од проблемите поврзани со врсничкото насилство, семејството и училиштето треба да ја имаат „диригентската палка“. Во оваа смисла општествената контрола би се свела на начините на кои припадниците на општеството се обидуваат да ги регулираат постапките на другите, при што би го намалиле негативното влијание врз однесувањето со кое се кршат општествените норми. Државните институции, како и невладиниот сектор треба да продолжат со поширока обука која би била во контекст на подобрување на вештините на комуникација, способноста за зборување во јавноста, техники на решавање на проблеми сврзани со врсничкото насилство. Зголемувањето на безбедноста во училиштата, како и ширењето на безбедносната култура во контекст на пријавување на секаква форма на насилство би помогнало за намалување на насилството во училиштата како и други форми на деликвенција. Сметаме дека крајно време е да се пристапи кон тезата на „нулта толеранција“ која генерално би се однесувала на политика на училиштата за преземање на ригорозни мерки при детектирање на било какво поседување или закани со ладно или огнено оружје, како и однесување на поединци кои со своето девијантно но често и криминогено однесување создаваат чувство на страв не само кај учениците, туку и кај наставниот персонал.

## Користена литература:

Кралев, Т.(2021). *Престапништво како социопатолошка појава* .Скопје: Експертиза-Д.

Сулејманов, З & Стојановски, Н. (2002). *Социјална патологија.*Филозовски факултет: Скопје.

Томсон, В & Бинам, Џ. (2014). *Малолетничка деликвенција-Социочлошки прист ап.*Скопје: Ламина.

Adelman,H & Taylor,L.(2015). *Violence prevention and safe schools.*UCLA: Los Angeles, CA.

Clinard,M & Meier,R. (2011). *Sociology of deviant behavior.*Belamont,CA: Wadsworth Cangage Learning.

Ćetković.R.(2008). *Kriminalno ponašanje i maloljetnička delikvencija.*JU Službeni list Crne Gore:Podgorica.

Ćurić,V. (2010).*Destruktivnost i avtodestruktivnost mladih.*Žarko Albulj:Beograd.

Hay,C at all.(2010).*Traditional Bullying ,and deviance: A general Strain Theory Approach in Journal of Contemporary Criminal Justice.* SAGE Publications. 26(2) 130–147.

Jašovič,Ž.(1974). *Slobodno vreme i prestapničko ponašanje mladih.*I nstitut za kriminološka i sociološka istraživanja:Beograd.

Macanović, N. (2014). *Kriminog*ena *inficiranost učenika.*Udruženje nastavnika i saradnika Univerziteta u Banja Luci:Banja Luka.

Macanovič, N. (2020). *Socijalno neprilagođeno ponašanje djece i adolescent*a. Banja Luka:Centar Modernih znanja, Banja Luka.

Taner,Dž. (2009). *Sociologija.* Mediterran publishing: Novi Sad.

## *Postmodern Social Anomie and Peer Violence*

***Phd Dragan Stefanovski***[258]
***SUGS „Brakja MIladinovci" – Skopje***

***Abstract:*** *Social changes initiated by the value system of the last wave of globalization led to changes in the value system in Macedonian society. The entry into the late postmodern and the new millennium is also reflected in the millennial generation connected with the process of education as well as the adaptation of the educational system to modern tendencies but also to the needs and opportunities of the younger participants. The culmination of individualism in the society is being experienced, as well as the beginning of a continuous loss of traditional values. Peer violence, on the other hand, is perceived as a serious phenomenon that requires a multidimensional approach. The increasingly aggressive behavior of violence in schools and outside them is becoming an intractable problem. The mentioned transformation means initiation of changes in the context of adolescent socialization, increasing the influence of the media especially the modern one in which the most dominant topics (loss of morals, visible intensification of violence and deviant behavior), while the role of family and school is marginalized in the basic socialization. Postmodern social values initiate the careerism, process of stratification, increasing disproportion in the economics and segregation. The paper highlights the theoretical/empirical study to determine the impact of social anomie on the occurrence of peer violence both in schools and outside them. In that sense, the mesures for the prevention of peer violence are being analyze as well as the involvement of institutions in the plan to reduce peer violence on a global level.*

***Keywords****: postmodern society, millennial generation, peer violence, social anomie*

[258] draganstefanovski@hotmail.com